*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА*

*Број ________*
*Скопје ___-___ 2004 година*

**ДО**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршена ревизија на финансиски извештаи на Педагошки факултет за 2003 година кои ја опфаќаат приходната сметка, а се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Педагошки факултет за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај, е извршена во периодот од 28.10.2004 до 22.11.2004 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор;
   - Доста Скендерова, Овластен државен ревизор;
   - Соња Камбовска, Помлад ревизор ;
   - Билјана Стојановска, Помлад ревизор ;
   - Бранка Ажиевска, Помлад ревизор;

5. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, се изготвени во согласност со прописите кои важат во Република Македонија и истите претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - Мурат Мурати, декан на Педагошки факултет

6. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиски извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

*"Маршал Тито"бр. 12/3;*
*тел. 220 - 268; факс 220-268.*

*Овластен државен ревизор*

________________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиски извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија (Сл. весник на РМ бр. 56/98). Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

9. Заради поголема прегледност, извршено е групирање на ставките и позициите од финансиските извештаи во пошироки категории. Сите износи во финансиските извештаи се прикажани во илјади денари.

10. Од страна на правниот субјект добиени се забелешки на Претходниот извештај број 03-517/2 од 15/12/2004 година, при што не се прифатени забелешките на точката 10.1.1. додека делумно се прифатени забелешките на точката 10.3.1.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи на Педагошки факултет дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

**11.1. Неприменување на законски и општи акти**

11.1.1. Со увид во законските и подзаконските акти, ревизијата констатира дека Наставно-научниот совет на факултетот има донесено Класификација на наставните дисциплини по наставно-научни области за студиските групи (предучилишно воспитание и одделенска настава) со табеларен преглед и од истата не може да се утврди бројот на извршители и опис на работите и работните задачи на наставно-научните работници. Според наведената Класификација истата треба да биде составен дел на Правилникот за организација и систематизација на работите и работните задачи на Педагошкиот факултет, но истиот не е донесен.

Исто така, буџетскиот корисник има донесен пПопис само на работни места и опис на работни задачи и посебни услови во организациона единица

Секретаријат, донесен на 13/11/1997 година, додека останатите работни места и работни задачи не се вклучени во наведениот попис.

Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доказ и не е во можност да се увери во потребата од потрошените и исплатените средства во износ од 4.566 илјади денари за:

› Надоместоци во износ од 3.865 илјади денари за извршено зголемен обем на работа, односно дополнително ангажирани наставно-научни работници. За извршените исплати донесени се одлуки за кои нема основ за нивно донесување;
› Надоместоци по ист основ во износ од 701 илјади денари на вработените во Стручната служба на Факултетот.

**11.2. Неправилности во искажување на билансните позиции:**

11.2.1. Ревизијата не беше во можност да се увери во реалното и објективно искажување на состојбата на обврските спрема добавувачите во висина од 259 илјади денари на ден 31 Декември 2003 година, со примена на постапка на независно усогласување, од причина што добиените конфирмации за усогласување на салдата не ја потврдуваат состојба на обврските спрема добавувачите.

**11.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.3.1 Со увид во начинот на примената на постапките за јавни набавки ревизијата го утврди следното:

› Педагошки факултет нема планирано средства за набавки со утврдена динамика за реализација на истите за 2003 година;
› Извршени се набавки во вкупен износ од 1,346 илјади денари спротивно на одредбите на Законот за јавни набавки (Прилог број 1).
› Спроведена е набавка на компјутери и печатари од АМЦ Компјутерс во вредност од 756 илјади денари со прибирање понуди, при што спротивно на член 64 од законот склучен е договор за јавна набавка во кој е предвидена авансна исплата во висина од 100% согласно кој е и извршено истата.
› Спроведена е набавка на канцелариска опрема од "Стол" - Скопје, во вредност од 627 илјади денари со прибирање понуди, при што спротивно на член 62 од Законот, во склучениот Анекс на договорот за јавна набавка извршена е промена на цената на набавката.

12. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точката 11.1. и 11.2. финансиските извештаи на Педагошки факултет реално и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности за фискалната 2003 година.

13. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 11.1. и 11.3. на Педагошки факултет е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Препораки и мерки:**

1. Да се донесат соодветни подзаконски акти за исплата на надоместоците за дополнително ангажирање на вработените, во кои ќе се регулираат условите и критериумите.
2. За реално прикажување на ставките во Билансот на приходи и расходи да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство во однос на работењето со приходната сметка;
3. За реално прикажување на обврските да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство на буџетските корисници;
4. Почитување на одредбите на Законот за јавни набавки со цел за економично трошење на средствата како и елиминирање на можноста за фаворизирање на одредени фирми;
5. Да се изготви План за јавни набавки согласно одредбите од член 7 од Законот за јавни набавки.

Скопје, 20/12/2004 година

**Овластен државен ревизор**
Бранислав Гулев

# ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-СКОПЈЕ
# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2003 НА ПРИХОДНАТА СМЕТКА

| Опис на позицијата | Образложение | 2002 | 2003 |
|---|---|---|---|
| | | **000 Ден.** | **000 Ден.** |
| ***П Р И Х О Д И*** | | | |
| **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 3.1. | 29,869 | 37,321 |
| **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | 3.2. | 6,266 | 939 |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | | **36,135** | **38,260** |
| ***РАСХОДИ*** | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 14,634 | 13,423 |
| Стоки и други услуги | 3.3.2. | 12,245 | 14,964 |
| Тековни трансфери | 3.3.3. | 52 | 16 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **26,931** | **28,403** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | |
| Купување на капитални средства | 4.1.1. | 8,076 | 2,784 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8,076** | **2,784** |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | | **35,007** | **31,187** |
| ***ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ*** | | **1,128** | **7,073** |

# ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-СКОПЈЕ
# БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2003 НА ПРИХОДНАТА СМЕТКА

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2002 | 2003 |
|---|---|---|---|
| | | 000 Ден. | 000 Ден. |
| ***АКТИВА*** | | | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 5.1.1 | 3,068 | 7,016 |
| Побарувања | 5.1.2 | 505 | 293 |
| Активни временски разграничувања | 5.1.3 | 0 | 1,589 |
| Материјали на залиха | 5.2.1 | 1,024 | 1,589 |
| Аванси за капитални средства | | 756 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5,353** | **10,487** |
| **ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Материјални средства | 5.3.1 | 4,624 | 6,538 |
| Материјални средства во подготовка | 5.3.2 | 7,489 | 7,489 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 5.3.3 | 414 | 425 |
| **Вкупно постојани средства** | | **12,527** | **14,452** |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | | **17,880** | **24,939** |
| ***ПАСИВА*** | | | |
| **ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | | | |
| Извори на капитални средства | 5.4.1 | 13,393 | 15,743 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **13,393** | **15,743** |
| **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | | **414** | **425** |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.5.1 | 259 | 357 |
| Обврски спрема државата и други институции | 5.5.2 | 0 | 5 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 5.5.3 | 91 | 22 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5.5.4 | 1,217 | 1,257 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.5.5 | 2,506 | 7,130 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4,073** | **8,771** |

| | | |
|---|---|---|
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | **17,880** | **24,939** |